Бр./Nr 12-8747/2
19-06-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-8747/1 од 13.10.2022 година, со наводи за непостапување согласно Закон за работни односи и не исплаќање регрес за годишен одмор, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, лицето и наводите во пријавата не се предмет на надлежно постапување на ДКСК.

Предметот со број 12-8747/1 од 13.10.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 13.10.2022 година, поднесена е пријава со наводи за повреда на индивидуално право, а кои се однесуваат на прекршување права од работен однос и нанесена лична штета заради што оформен е предмет број 12-8747/1 од 13.10.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува злоупотреба на Законот за работни односи, односно непостапување согласно Законот и неисплатување на регрес за годишен одмор од страна на сопственик на приватно правно лице бидејќи паричните средства кои ги исплаќал како К-15 т.е. регрес за годишен одмор, подоцна барал истите да му бидат вратени на рака, и му била нанесена штета на работникот да се стекне со права кои се стекнати согласно закон, а паралелно на тоа се нанесувала штета со повреда на индивидуалното право од областа на работниот однос.

Исто така подносителот на пријавата е лице со инвалидитет и посочува на тоа дека покрај споменатите и нагласени прекршувања на Законот за работни односи, без никакви претходни известувања или упатувања, истото лице било отстрането од работното место и му бил прекинат работниот ангажман.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување од причина што лицето и наводите во пријавата не се предмет на надлежно постапување на ДКСК.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: К.Н.,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**